**З А П И С Н И К**

**од деветти состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации**

**за 2025 година**

Деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 02.04.2025 година, во 14:30 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска .

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата како и предлог- Дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за деветиот состанок за 2025 година на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од осмиот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Барање за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации;
4. Барање за усвојување на Предлог-Одлуката за користење на нереализирани средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2024 година;
5. Барање за усвојување на Предлог-Измена и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година;
6. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за деветиот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што едногласно го усвоија записникот од претходниот состанок.

Во врска со точка 3, Комисијата едногласно го усвои Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со точка 4, Комисијата едногласно ја усвои Предлог-Одлуката за користење на нереализирани средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2024 година.

Во врска со точка 5, Комисијата едногласно даде согласност за Предлог-Измена и дополнување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година и истите ги усвои, пред објавување на јавна расправа согласно член 13 од Законот за електронскте комуникации.

Седницата заврши во 16:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател____________

д-р Адмирим Алити, член ____________

Анѓелка Диневска, член____________

Насер Адеми, член____________

Анкица Трпковска, член____________

Наш број 1102-15/2

Скопје 02.04.2025 година